Република Македонија

ОПШТИНА ДЕМИР ХИСАР

# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК

Службен гласник на општината Демир Хисар, излегува по потреба. Цена: 50,оо мкд. Годишна претплата: 500,оо мкд
е - mail: opstinademirhisar@yahoo.com; www.demirhisar@gov.mk; тел/факс: (+389) 47 -552-661

**Бр. 3**

**02.03.2021**

Демир Хисар

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локална самоуправа /,, Службен весник на РМ,, бр. 5/02/, а во врска со член 72 од Статутот на општина Демир Хисар /,,Службен гласник на општина Демир Хисар,, бр. 3/02, 4/05, 7/09, 16/13, 18/14 и 10/19 година/, донесувам

**ЗАКЛУЧОК**
**за објавување на Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Доизградба на краци од градска фекална канализациона мрежа во градот Демир Хисар (профил бр.2 и бр.2.1)**

1.Ја објавувам Одлуката за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот „Доизградба на краци од градска фекална канализациона мрежа во градот Демир Хисар (профил бр.2 и бр.2.1), донесена на 48-мата седница на Совет на Општина Демир Хисар одржана на 26.02.2021 година.

2.Заклучокот влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во Службен гласник на Општина Демир Хисар.

Бр.08- 226/1<br>02.03.2021 година<br>Демир Хисар

Општина Демир Хисар<br>Градоначалник<br>Марјанче Стојановски

Врз основа на член 36, став 1, точка 15 од Законот за локална самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/02) и член 91, став 3 од Статутот на Општина Демир Хисар („Службен гласник на Општина Демир Хисар" бр. 03/02), Советот на Општина Демир Хисар на седницата одржана на ден 26.02.2021 година, ја донесе следнава

## ОДЛУКА
**за давање согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот "Доизградба на краци од градска фекална канализациона мрежа во градот Демир Хисар (профил бр. 2 и бр. 2.1)".**

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар дава согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **"Доизградба на краци од градска фекална канализациона мрежа во градот Демир Хисар (профил бр. 2 и бр. 2.1)"**.

Проценетата вредност на проектот од став 1 на овој член изнесува 1.154.729,00 денари. Финансирањето на проектот ќе биде обезбедено со средства од Министерството за животна средина и просторно планирање во вредност од 600.000,00 денари, а преостанатите средства во вредност од 554.729,00 денари ќе биде сопственото учество на Општина Демир Хисар.

Член 2

Оваа Одлука Советот на Општина Демир Хисар ја донесува врз основа на Конкурсот за распределување на средства за финансирање и реализирање на програми, проекти и други активности од областа на животната средина за 2021 година објавен од страна на Министерството за животна средина и просторно планирање.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила со денот на донесувањето, а ќе се објави во „Службен гласник на Општина Демир Хисар".

Бр. 17-194/2
26.02.2021 година
Демир Хисар

Претседател
на Совет на Општина Демир Хисар
Благоја Станојоски

---

СОПШТЕНИЕ

1. Одлука Советот на Општина Демир Хисар дава согласност за намена на инвестиција и за обезбедени средства како сопствено учество за реализација на проектот **"Доизградба на краци од градска фекална канализациона мрежа во градот Демир Хисар (профил бр. 2 и бр. 2.1)"**---------------------------------------------------------------1-2

**Општина Демир Хисар, ул. Битолска б.б**
**тел. 047/552-661**

**Градоначалник**
**Марјанче Стојановски**

**Компјутерска обработка**
**Виолета Пајковска**